Бр: 03-121/2
Скопје: 22.06.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 22.06.2020 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставеното Барање на мислење од страна на Фонд за иновации и технолошки развој бр. 03-121/1 од 12.06.2020 година, а во врска со Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од Ковид - 19 .

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Комисијата оцени дека, со оглед на тоа дека кофинансирањето согласно Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од Ковид - 19 опфаќа трансфер на државни средства и претставува економска поволност за примателот на помошта согласно член 3 од Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од Ковид - 19 , истата **претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.**

Согласно горенаведеното, давателот на државна помош **има обврска** до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави Известување за планирано доделување на помош согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), (на Образецот даден како Прилог I од горенаведената Уредба).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**